Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и ( Службен весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22”), Правилникот за систематизација на работните места во ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ” КАРПОШ – СКОПЈЕ, Директорот на ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ” КАРПОШ – СКОПЈЕ ја донесе следната:

Република Северна Македонија
Јавна установа општинска детска градинка
"МАЈСКИ ЦВЕТ" Карпош
Бр. 04-1921/1
17.11 2023 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**

**За избор на 1 извршител – кандидат за административен службеник по објавен јавен оглас за работно место – Советник сметководител, Админисративен оддел, Административно помошно техничка служба**

1. За извршител на работно место **Советник – сметководител** се избира кандидатот **Бојан Рангелов.**
2. Именуваниот ќе биде вработен на работно место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас бр.398/2023 од 17.10.2023година објавен во дневните весници „Слободен печат”, „Коха” и „ Нова Македонија”како и на веб стараната на Агенцијата за администрација, формирана со Решение на директорот на Агенција за администрација бр.10-1784/5 од 24.10.2023година, 10-1784/6 од 01.11.2023 и 10-1784/8 од 15.11.2023година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник на работно место Советник сметководител , спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите, интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа и Предлог на кандидат за вработување со бр.10-1784/12 на кандидати од сите фази на селекција, со кое го предлага кандидатот со идентификациски код 20F3B81, Бојан Рангелов за вработување за работното место Советник – сметководител со шифра ДЕЗ0102В01002.

Врз основа на предложената Конечна ранг листа и Предлогот кандидати за вработување, Директорот на ЈУОДГ ,,МАЈСКИ ЦВЕТ" Карпош – Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на Одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Именуваната
- Агенција за администрација
- Архива

**Директор**

**Татјана Б. Миладиновска**